www.esem.org.mk

2022

# ВО ПАНДЕМИЈА НЕМА СКРИНИНГ НА КАРЦИНОМ НА ДОЈКА

## АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА КАРЦИНОМ НА ДОЈКА ВО 2020


Подготвено од:

Борјан Павловски
Дарко Антиќ


Здружение ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА


Овој документ е подготвен со кофинансирање од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ
и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Во 2020 година скрининг на ракот на дојката речиси не е ни спроведен, бидејќи и покрај издвоените 9.190.000,00 денари со скрининг мамографија се опфатени само 0,3% од жените на возраст од 50 до 69 години.

- Нотирани се сериозни бариери во пристапот за жените, бидејќи скрининг мамографијата се спроведува во само 6 (шест) јавни здравствени установи од кои 3 (три) се во Скопје.

- Иако во 16 јавни здравствени установи има мамографски кабинети, Министерството за здравство во Програмата за скрининг вклучува само 6 (шест).

- Во 6 (шест) општи болници, односно во половината од општите болници во државата нема мамографски кабинети, што претставува кршење на правото на пристап на жените до здравствени услуги за женското здравје

## ПРЕПОРАКИ

1. Министерството за здравство потребно е да издвои средства за набавка и навремено сервисирање на мамогрфски апарат и комплетен хардварски дел во здравствени установи. Со цел да обезбеди рамномерна територијална дистрибуција на мамографските кабинети.
2. Министерството за здравство потребно е да подготви извештај за состојбите на здравствените установи во однос на подготвителност на стручниот кадар за организиран мамографски скрининг и снабденост со мамографски апарат и хардварски дел за истиот.
3. Министерството за здравство треба да го зголеми буџетот на Програмата со цел да обезбеди опфат на поголем број на жени со мамографскиот скрининг. Во наредниот период од пет години Министерството треба да обезбеди опфат на најмалку 70% од жените на возраст од 50 до 69 години со мамографски скрининг.
4. Министерството за здравство треба да ги опреми сите општи болници со мамографски кабинети со цел да овозможи еднаков пристап на жените од целата територија на државата.
5. Ракот на дојката е малигно заболување кој завзеама се поголем замав. Статистичките податоци покажуваат дека секоја осма жена во текот на нејзиниот живот ќе се соочи со оваа болест. Ракот на дојката се појавува и кај мажите, меѓутоа застапеноста е многу пониска и од рак на дојка заболуваат од 0,5 до 1% од машката популација. Во Македонија Мамографскиот скрининг покажуваат и информациите дека претставува единствена метода за рано детектирање на ракот на дојката. Преку мамографскиот скрининг ракот на дојката се открива во рана фаза и со тоа смртноста од ова заболување се намалува за 30%.
6. Република Северна Македонија започна да спроведува организиран скрининг во април 2015 година. За овој скрининг, во периодот од 2018 до 2020 година издвоени се 27.360.000,00 денари.




Графикон 1.
Вкупен износ на буџет по години за реализација на програмата за рана детекција на малигни заболувања – рак на дојка

Износот на потрошени средства за спроведување на оваа програмска компонента од јавно достапните информации и од податоците содржани во одговорите добиени преку постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер не може да се утврди. Единствено преку завршната сметка на буџетот на РСМ може да се утврди процентот на реализација на средствата на Програмата за рана детекција на малигни заболување каде и потпаѓа скринингот на карцином на дојка. Оттука, согласно овие податоци во периодот од 2014 до 2020 година, од расположливите средства за оваа програма во просек се трошат 72%. Како и да е, најголем процент на искористување на средствата се бележи во 2017 година (99%), а пак најмал во 2020 година (31%). Под претпоставка дека процентот на реализација е рамномерен помеѓу сите компоненти, може да се заклучи дека скринингот на карцином на дојка во 2020 година воопшто не се спроведувал.




Графикон 2.
Реализација на буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања

Во буџетот за реализација на програмата предвидени се активности за организација на скрининг програмата, изработка на ситуациона програма, мамографски активности, контрола на квалитет на сите мамографски центри во ЈЗУ, надградба на софтвер за скрининг, организирање на кампања и промотивен материјал и изработка на извештаи. Одговорни за релизација на овие активности се: Министерството за здравство, Управа за електронско здравство, Институт за Епидемиологија и биостатика, јавно здравствени установи, Природно – математички факултет и Институтот за јавно здравје.

Скрининг мамографија во 2020 година спроведувале само шест мамографски центри, сместени во шест различни јавни здравствени установи. При тоа три од нив се наоѓаат во Скопје, а по еден центар во Штип, Охрид и Тетово. Одговорите кои ги добиме од Фондот за здравствено осигурување укажуваат дека во Македонија мамографски прегледи се изведуваат во 16 јавни здравствени установи. Тоа значи дека во скринингот се вклучени само 40% од здравствените установи кои вршат ваков вид на преглед. Дополнително загрижува фактот, што иако има соодветна територијална дистрибуција на мамографските услуги во државата, сепак Министерството за здравство во скрининг програмата ги вклучува мамографските кабинети во Скопје и поголемите градски центри.

| | Назив на Јавната здравствена установа | Има склучено договор со ФЗОРСМ за изведување на Дигитална мамографија | Има склучено договор со ФЗОРСМ за изведување на Мамографија | Има склучено договор со ФЗОРСМ за изведување на Мамографија и ултразвучен преглед на дојки – дигитална техника | Учествува во програмата за Скрининг на рак на дојка на Министерството за здравство |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | ДА | ДА | ДА | ДА |
| 2 | ЈЗУ Клиничка болница Битола | ДА | ДА | ДА | НЕ |
| 3 | ЈЗУ Општа болница Охрид | НЕ | ДА | НЕ | ДА |
| 4 | ЈЗУ Општа болница Струга | НЕ | ДА | НЕ | НЕ |
| 5 | ЈЗУ Општа болница Велес | ДА | ДА | ДА | НЕ |
| 6 | ЈЗУ Клиника за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје | ДА | ДА | ДА | ДА |
| 7 | ЈЗУ Здравствен дом Кратово | НЕ | ДА | НЕ | НЕ |
| 8 | ЈЗУ Здравствен дом - Скопје | ДА | ДА | ДА | НЕ |
| 9 | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кавадарци | НЕ | ДА | НЕ | НЕ |
| 10 | ЈЗУ Општа болница Прилеп | ДА | НЕ | НЕ | НЕ |
| 11 | ЈЗУ Клиничка болница Штип | ДА | НЕ | НЕ | ДА |
| 12 | ЈЗУ Здравствен дом Гоце Делчев -Делчево | ДА | НЕ | НЕ | НЕ |
| 13 | ЈЗУ Здравствен дом Железничар | НЕ | НЕ | ДА | НЕ |
| 14 | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија | НЕ | НЕ | ДА | НЕ |
| 15 | ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје | НЕМА ПОДАТОК | НЕМА ПОДАТОК | НЕМА ПОДАТОК | ДА |
| 16 | ЈЗУ Клиничка болница Тетово | НЕМА ПОДАТОК | НЕМА ПОДАТОК | НЕМА ПОДАТОК | ДА |

Фактот што мал број на мамографски центри го спроведуваат скринингот, претставува сериозна бариера за пристап на жените до овие услуги. Главната бариера е оддалеченоста, бидејќи голем дел од жените од државата треба да патуваат повеќе километри, односно да одат во друг град за да направат мамографски преглед. Имајќи во предвид дека половина од мамографските центри се во Скопје, најголем број од жените опфатени со скринингот, односно 57% се од Скопскиот регион. Овој податок укажува на нееднаквоста на жените во пристапот до услугите за скрининг на ракот на дојка.

Од табелата број 1 може да се заклучи дека мамографски кабинети нема во 6 (шест) општи болници во државата: ЈЗУ Општа болница Дебар, ЈЗУ Општа болница Кичево, ЈЗУ Општа болница Кочани, ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Општа болница Струмица и ЈЗУ Општа болница Гостивар. Тоа значи дека во половината од општите болници во државата нема мамографски кабинети. Со цел да се овозможи подеднаков пристап на жените од целата територија на државата, Министерството за здравство треба да обезбеди мамографски кабинети во секоја општа болница. Вредноста на еден мамографски апарат со ДДВ просечно изнесува 7.375.000,00 денари додека пак софтверскиот дел за обработка на мамографски скрининг со комплетен хардварски дел изнесува околу 720.000,00 денари . Што значи дека државата треба да издвои најмалку 48.570.000 денари за опрема со цел да ги опреми сите општи болници со мамографски кабинети. Потребна е и дополнителна инвестиција во медицинскиот персонал кој треба да работи во тие кабинети, согласно на потребите на секоја ЈЗУ.

www.esem.org.mk



Здружение за еманципација,
солидарност иеднаквост на жените

ул. Максим Горки 20/1-4, Скопје
esem@esem.org.mk

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Овој документ е подготвен со кофинансирање од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ
и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.